**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 и член 71 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10 и 123/12), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Македонија**
**(Службен весник на Република Македонија бр. 63/13)**

1. Во Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 100/12 и 50/13), во точка 9 потточка 9.6 се додава нова алинеја 9 којашто гласи:

„- преобразба на штедилница во финансиско друштво."

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2014 година.

О бр. 02-15/ IV-1/2013
25 април 2013 година
Скопје

Гувернер
и претседавач
на Советот на Народната банка
на Република Македонија
**Димитар Богов,** с.р.

**Образложение**

Потребата за дополнувањето на Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Македонија произлегува од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/13).

Со овој закон се предвиде можност штедилниците коишто се основани во Република Македонија до денот на влегувањето во сила на Законот да можат да се преобразат во финансиско друштво без да се спроведе постапка на ликвидација.

Со Законот е определено дека за преобразба на штедилница во финансиско друштво потребна е претходна согласност од гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

Со оглед на тоа што се работи за нова постапка за издавање согласност, потребно е да се определи и тарифата за разгледување на барањата за издавање согласност за преобразба на штедилница во финансиско друштво.

Се предлага износот на тарифата за разгледување на барањето за издавање согласност за преобразба на штедилница во финансиско друштво да соодветствува со износот на тарифата за разгледување барање за добивање претходна согласност за престанување со работа на штедилница, кога не постојат услови за стечај, којашто изнесува 60.000 денари.